Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-768/2

17-11-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–768/1 од 30.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија и овлатени службени лица работени во Полициска станица Карпош, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–768/1 од 30.10.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

### Образложение

На 30.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија и овластени службени лица вработени во Полициската станица Карпош.

Во претставката подносителот наведеува дека подолго време живее под незаконски услови на полициски блокади и полициски терор. Наведува дека пред повеќе од еден месец поднел барање до МВР – Отсек за странци заради добивање на лична карта за странец на негово име со приложени потребни податоци. Именуваниот наидувал на пречки, се наоѓал во лоша здравствена состојба и висок степен на инвалидност и поради ова неопходна му е лична карта. Наведува дека од министерството не добива одговор за неговиот предмет и дека за истото е потребна ургенција. Воедно наведува дека има потешкотии и на приватен план, за што водечка улога имала полицијата служејќи се со маскирани двојници и корисници на droги.

По разгледување на наводите во претставката Комисијата утврди дека согласно нејзините законски утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, не е надлежна за постапување по прашањето кое е предмет на претставката.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Имено, во врска со проблемот кој подносителот го има со Министерство за внатрешни работи, Комисијата го упатува подносителот да се обрати до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, а со оглед дека во дел од предметот на претставката се работи за можен кривично – правен настан, подносителот е потребно да се обрати до надлежните правосудни органи.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
16.11.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД